
СПИСАНИЕ ЗА КНИЖЕВНОСТ,
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА
РАСТ
29
2024

# РАСТ

**КНИЖЕВНОСТ**

**УМЕТНОСТ**

**КУЛТУРА**

БРОЈ 29

Битола, мај 2024

БИТОЛСКИ КНИЖЕВЕН КРУГ

BITOLA'S LITERARY CIRCLE

**РАСТ -Списание за книжевност, уметност и култура 29 / 2024**

**Издава**
Битолски книжевен круг – Битола
Ул. Ленинова бб 7000 Битола
www.bkk-pisateli.mk

**За издавачот**
Зоран Пејковски

**Лектура**
Гордана Ивановска

**Фотографија на корица**
Ивона Кочов

**Редакција**
Михајло Свидерски – Главен и одговорен уредник
Мирјана Стојановска - уредник
Никола Илијовски -уредник
Елизабета Јончиќ -уредник

**Печати**
Графопром Битола

**Тираж**
200

ISSN 1409-9330

РАСТ БРОЈ 29
Битола 2024 година

Првиот број на РАСТ излезе во 2001 година

Списанието излегува со финансиска поддршка од страна на
... Република Северна Македонија

## СОДРЖИНА


ЉУБИНКА ДОНЕВА ....................................3

**ПОЕЗИЈА** ....................................7

МАРИЈА ТРИФУНОВСКА ТАСЕСКА ....................................9

МИЛЧО МИСОСКИ ....................................13

ВИКТОР РАДУН - СРБИЈА ....................................16

**ПРОЗА** ....................................23

ДАНИЕЛА АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА ....................................25

МИХАЈЛО СВИДЕРСКИ ....................................29

СТЕФАН МАРКОВСКИ ....................................34

КАТЕРИНА МОМЕВА ....................................40

**СОГЛЕДБИ** ....................................61

АЛЕКСАНДРА ЈУРУКОВСКА ....................................63

ПЕПИ СТАМКОВ ....................................66

ХРВОЈЕ ПОТЛИМБРОЗОВИЌ ....................................73

ЈОВАНКА ДЕНКОВА ....................................80




ЈОВАНКА ДЕНКОВА

**РОМАН ЗА ЕДНА МЛАДИНСКА ДРУЖИНА - „ШАРМЕРИ ОД ОСМО“ ОД ВЕЛКО НЕДЕЛКОВСКИ**

Јованка Денкова[1]

[1] Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Велко Неделковски е автор кој најголем дел од своето творештво го посветил на децата и адолесцентите (покрај оној значителен дел посветен на возрасните). И романот кој ќе биде предмет на оваа статија, „Шармери од осмо“ е посветен на оваа возрасна група – адолесцентите, на она возбудливо време од нивниот живот кога младите ја напуштаат добропознатата средина на основното училиште и веќе стекнатите пријателства и се вивнуваат во нови искуства. Романот „Шармери од осмо“ е компониран во четиринаесет глави. Низ тие четиринаесет глави, можат да се идентификуваат неколку тематски јадра околу кои гравитира дејството и на кои ќе се осврнеме во оваа статија. Јунаците од овој роман т.е учениците од осмо-А и осмо-Б одделение созреваат заеднички преку своите постапки,размислувања и донесуваат

# РОМАН ЗА ЕДНА МЛАДИНСКА ДРУЖИНА - „ШАРМЕРИ ОД ОСМО“ ОД ВЕЛКО НЕДЕЛКОВСКИ

Јованка Денкова[1]

[1] Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Велко Неделковски е автор кој најголем дел од своето творештво го посветил на децата и адолесцентите (покрај оној значителен дел посветен на возрасните). И романот кој ќе биде предмет на оваа статија, „Шармери од осмо“ е посветен на оваа возрасна група – адолесцентите, на она возбудливо време од нивниот живот кога младите ја напуштаат добропознатата средина на основното училиште и веќе стекнатите пријателства и се вивнуваат во нови искуства. Романот „Шармери од осмо“ е компониран во четиринаесет глави. Низ тие четиринаесет глави, можат да се идентификуваат неколку тематски јадра околу кои гравитира дејството и на кои ќе се осврнеме во оваа статија. Јунаците од овој роман т.е учениците од осмо-А и осмо-Б одделение созреваат заеднички преку своите постапки,размислувања и донесуваат правилни одлуки,пред се ставајќи го општиот интерес пред индивидуалниот.
**Клучни зборови:** *книги за млади, адолесцентска книжевност, Велко Неделковски.*

## A NOVEL ABOUT A YOUTHFUL AMITY- "CHARMERS FROM THE EIGHT GRADE" BY VELKO NEDELKOVSKI

Jovanka Denkova[1]

[1]Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, Macedonia
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

**Abstract:** Velko Nedelkovski is an author who dedicated most of his work to children and adolescents (in addition to the a significant part dedicated to adults). And the novel that will be the subject of this article, "Charmers from the Eighth grade" is dedicated to this age group - adolescents, to that exciting time in their lives when young people leave the well-accustomed environment of elementary school and already previously friendships and soar into new experiences. The novel "Charmers from the Eighth grade" is composed of fourteen chapters. Across those fourteen chapters, several thematic cores can be identified around which the action gravitates and which we will address in this article. The heroes of this novel, i.e. the students from eighth-A and eighth-B grades mature together through their actions, thoughts and making correct decisions, above all putting the common interests before the individual one.
**Key words:** *books for young people, adolescent literature, Velko Nedelkovski.*

### Вовед

Велко Неделковски[2] е автор кој најголем дел од своето творештво го посветил на децата и адолесцентите (покрај оној значителен дел посветен на возрасните). И романот кој ќе биде предмет на оваа статија, „Шармери од осмо“ е посветен на оваа возрасна група – адолесцентите, на она возбудливо време од нивниот живот кога младите ја напуштаат добропознатата средина на основното училиште и веќе стекнатите пријателства и се вивнуваат во нови искуства. Романот „Шармери од осмо“ е компониран во четиринаесет глави. Низ тие четиринаесет глави, можат да се идентификуваат неколку тематски јадра околу кои гравитира дејството и на кои ќе се осврнеме во оваа статија. Јунаците од овој роман т.е учениците од осмо-А и осмо-Б одделение созреваат заеднички преку своите постапки,размислувања и донесуваат правилни одлуки,пред се ставајќи го општиот интерес пред заедничкиот.

### Клучот е да се пронајде вистинската патека

[2] Еден од најплодните автори, чии дела од својата содржина и со стилски особености им се мошне блиски на најмладите. Велко Неделковски е роден на 28 октомври 1946 година во Скопје. Студирал на Филозофскиот факултет во родниот град, а работел во Македонската телевизија, како драматург и сценарист. Во 1980 година станал член на ДПМ на Македонија. Тој ги негува речиси сите книжевни жанрови: расказ, сказна, роман, драма и поезија. Покрај тоа, тој е автор и на сликовници, како и на романот-сликовница „Зеленкапа во шумата Еколо“ (во десет книги). Тој е автор на околу 60 радио-драми кои биле изведени на Радио Скопје (Македонското радио), а некои од нив се преведени и изведени во странство. Исто така, тој е творец на 30 играни телевизиски серии за деца, како: „Саки од Саканија“, „Светот има осум страни“, „Царството на другарството“ и други, а напишал и сценарија за три краткометражни филмови. Од неговите драмски дела, изведени се: „Ден за бегство“, „Бибисек од Крампонија“ и драматизацијата на романот „Децата од Павловата улица“ на Ференц Молнар. За своите дела Неделковски е наградуван во повеќе наврати, како: наградата на РТВ Скопје на Струшките вечери на поезијата за најдобра книга за деца (1986), наградата „Феникс“ на град Скопје, за постигнувања во книжевноста, наградата за животно дело на Македонската радио-телевизија и Специјалната повелба на „Детска радост“.

Предговорот на романот „Шармери од осмо“ од Велко Неделковски го започнува во својот зелен нотес, будниот училиштен педагог Златан Самоилов кој запишал: „Мали вербални препукувања. Не знам, но ќе откријам кој прв почнал. Впрочем, тоа и не е важно. Недоразбирањата може да прераснат во инциденти од пошироки размери. Да се испита случајот. Внимателно, во согласност со чувствителната детска возраст...“ (Неделковски, 2019: 5).

Токму така почнува приказната за закачките помеѓу учениците од осмо-А и нивните врсници од осмо-Б одделение во училиштето „Септември“. Основната тема во „Шармери од осмо“ се кавгите кои се случуваат помеѓу учениците од осмо-А и осмо-Б одделение од основното училиште „Септември“, две одделенија кои многу често се караат, со појави на меѓусебна завист и пишување графити со навредлива содржина: „Меѓусебното тивко ривалство почна во петто или шесто одделение, кога и „А“ и „Б“ предничеа со високиот севкупен процент и со примерното поведение. Се чини, и плусовите за вонучилишните активности беа слични – едните повеќе се истакнуваа во играорната и во драмската секција, другите беа поактивни спортисти, хобисти, музичари. За жал, само едно одделение може да го понесе ласкавиот епитет „првенци на учебната година. Се случи, признанието им беше доделено на учениците од осмо-А. Додека тие примаа честитки за титулата, соперничкото осмо-Б беше полазено од мравките на зависта. А тоа се опасни инсекти!“ (Неделковски, 2019: 35). Иако видно вознемирени и желни за одмазда, двете одделенија успеваат да најдат заеднички јазик и да ги премостат закачките и караниците, формирајќи заеднички тим за турнирот во мал фудбал. Нивниот тим „Шармери“ ги освојува срцата не само на девојчињата, туку и на директорот на училиштето Бојан Миљановски, кој го одржува својот збор и ја закачува врамената фотографија на „Шармерите“ на ѕидот во својата канцеларија, наспроти работната маса.

Нетрпеливоста и ривалитетот меѓу ученици од различни оделенија во училиштата е редовна појава, вообичаена за таа детско-младешка возраст. Саливан (1953) ја истакнува важноста на пријателствата за подоцнежна благосостојба, и штетата што може да им се нанесе на пријателствата со тоа што ќе се појави конкуренција меѓу нив (Sullivan, 1953). Прифаќањето од страна на врсничката група е особено последователно за развојот на здрави ставови кон конкуренцијата, усогласеноста и постигнувањата. Интерперсоналното ривалство би можело доведува до прекумерна вознемиреност или одбранбени ставови во врска со острацизмот и до социјална изолација. Спротивно на тоа, Саливан шпекулираше дека пријателството е незаменливо како контекст за развој на емпатија, интимност и вештини за гледање перспектива и дека тоа ги потврдува интересите, надежите и позитивните самоперцепции на децата (Schapiro, Schneider, Shore, Margison, Udvari, 2009: 71-88). Смирување на нетрпеливоста меѓу двете осми одделенија донесува Емил Јаневски, претседателот на осмо-А: „Висок и мошне сериозен за своите години, тој активно спортуваше – но беше и симпатизер на многу домашни и странски клубови“ (Неделковски, 2019: 15), и место да одговори навредливо на провокацијата на осмо-Б, на што го набедуваат останатите, тој дава поинаков предлог: „Ќе има турнир во мал фудбал! Прочитав во спортскиот неделник „Пенал“. За помлади тинејџери, а тоа сме ние...“ (Неделковски, 2019: 21). И овде се јавува првиот страв кај Емил како ќе биде прифатена неговата понуда за помирување со соперничкото одделение со цел да се создаде силна екипа со која заеднички ќе настапат на фудбалскиот турнир: „Како, како, ќе ја примат поканата оние надуенковци од осмо-Б? А толку му се потребни, и дури неопходни, за една добра фудбалска екипа! Екипа која, како од шега, ќе ги помине првите неколку елиминаторски средби и ќе влезе во четврт-финалето, и потаму, и уште потаму...сè до вжештениот финален дуел, за победничкиот пехар“. (Неделковски, 2019: 23). Во таа ситуација, евидентна е зрелоста на Емил кој решава насамо да разговара со претседателот на другото одделение – Златко Самоилов. Иако скептични и двајцата, сепак надвладува разумот и се случува помирувањето, на изненадување и на возрасните, особено педагогот: „Умот надвладеа! Духовите се смирија! Спортот обединува!... Урнат е ѕидот на меѓусебните недоразбирања. Пирка свеж спортски ветрец!“ (Неделковски, 2019: 33). И додека оваа акција на предводниците на двете одделенија, авторот не ја слика со детални потези, многу повеќе внимание обрнал на случувањата во рамките на подготовките за спортскиот натпревар, на кој и самото училиште му дава голема поддршка: „Да им се стават на располагање сите здрави фудбалски топки што ги имаме. Јас лично ќе им најдам двајца спонзори. За гаќички, маички и патики! Секому точен број, по мера!...Тоа е вистинскиот начин како да се троши и да се потроши вишокот енергија! Која, да не заборавиме, може да се слее и во потоци негативна енергија! А јас не сакам и не дозволувам овде такви младешки вртоци!“ (Неделковски, 2019: 33-34). Поттикнувањето ориентирано кон задачи, наспроти другите референцирани конкурентни цели, исто така има важни импликации за социјалното приспособување на децата. Со нагласување и наградување на однесувањето ориентирано кон задачи низ домени, наставниците и родителите можеби ќе можат да го подобрат социјалното приспособување на децата со индиректно помагање да изградат стабилни, успешни и позитивни пријателства, секое ценето поради посебните квалитети што ги носи во животот на детето. Ова би можело формално да се спроведе преку програми низ училиштата (Schapiro, Schneider, Shore, Margison, Udvari, 2009: 71-88), или други активности, спортски, уметнички и слично, како што беше случајот со формирањето на фудбалскиот клуб „Шармери“.

Како што се спомна и претходно, формирањето на клубот е само фон кој му дал можност на авторот Неделковски да проговори за сите искушенија на младоста.

Во прв ред овде е пријателството кое се зацврстува меѓу врсниците во одделението кои споделуваат една рекреативна заедничка активност. Училишните пријателства најчесто се проучувале во текот на основните училишни години. Во овој период од развојот, се покажало дека децата со пријатели имаат тенденција да бидат подружељубиви, покооперативни и самоуверени кога се споредуваат со нивните врсници без пријатели. Имањето пријатели е позитивно поврзано со оценките и резултатите од тестовите во средно училиште, како и со вклученоста во активности поврзани со училиштето. Кога се на училиште, адолесцентите кои имаат пријатели, исто така, имаат тенденција почесто да покажуваат просоцијално однесување, а поретко асоцијално однесување отколку нивните соученици без пријатели. Дополнителен факт е што овие односи одразуваат процес на влијание на пријателот. На пример, поединците може да усвојат или развијат специфични стилови или интереси на однесување затоа што се сметаат за пожелни карактеристики на нивните блиски пријатели (Wentzel, Barry, Caldwell, 2004: 195-203), поточно да усвојат позитивни примери или совети од пријателите, кои на тој начин вршат позитивно влијание врз нив. Заедничките активности ги зближуваат младите луѓе и им овозможуваат да се запознаат подобро, да се доверуваат, да побараат/примат и дадат совет, со што се подобрува квалитетот на нивното пријателство (Mathur, Berndt, 2006: 365-388). Ларсон и неговите колеги издвоиле неколку групи на активности преку кои се обединуваат и се дружат младите адолесценти: во училиште, одржување (исхрана, облекување), дружење, употреба на медиуми, спорт, воннаставни активности и игри (Larson, Richards, 1989: 501-510). Се разбира, не треба да се исклучи и можноста за негативни влијанија од врсниците. Во случајов говориме за просоцијално и асоцијално однесување. Според Sung Hyeon Cheon, просоцијалното однесување е намерно дело во корист на друго лице. Искористувањето на другите е просоцијално кога тоа се прави доброволно, а не како одговор на туѓа директива или со исчекување на награда или казна. Просоцијалното однесување се јавува кога соучениците помагаат, споделуваат, охрабруваат, утешуваат, поддржуваат, соработуваат и покажуваат почит еден кон друг. Асоцијалното однесување е намерен чин за да му наштети на друго лице. Повредувањето на другите е асоцијално кога и тоа се прави доброволно, бидејќи ненамерното повредување не се смета за асоцијално. Асоцијалното однесување меѓу соучениците се јавува на начини кои се вербални (на пример, вербално малтретирање), физички (на пример, удирање, повредување) и релациски (на пр., застрашувачки, покажување непочитување). Просоцијалното и асоцијалното однесување имаат длабоки импликации и за развојот на актерот и на примачот (емпатичен наспроти бесчувствителен), врз емоционалноста (благодарност наспроти непријателство), меѓучовечките односи (општествена компетентност наспроти социјална доминација), пријателствата (прифаќањето на врсниците наспроти отфрлање), лично функционирање (приспособување наспроти неприспособување) и академскиот успех (училишен успех наспроти училишен неуспех) (Cheon, 2018). Во романот „Шармери од осмо“ евидентно е позитивното влијание на Емил на целата група млади, како во поглед на помирувањето, така и во индивидуалното влијание врз поединци. Таков е случајот со момчето Игор кој има сиромашен речник, па Емил го упатува да чита повеќе книги, а и да поведе малку повеќе внимание на личната хигиена и редовно да си ги средува ноктите: „Речникот ти е посен, Игорче! Да читаш повеќе книги, разбра? Која книга последна си ја прочитал, ама не само насловот?; „Забележав дека не ти се потсечени ноктите!... Среди го тој хигиенски проблем, па ќе те сослушаме на следната средба. Со грицкалка, разбра?“ (Неделковски, 2019: 15-17). Друг момент кога се гледа позитивното влијание на Емил врз врсниците е моментот кога му кажува на Златко Самоилов, синот на училишниот педагог, дека знае дека пуши цигари: „Златко Самоилов ја извлече тукушто отворената кутија цигари. Одбра една цигара, го понуди и Емил. Онака, со ноншалантен гест, како што го прават тоа возрасните: „Запали! Се почнува на наши години!“, на што Емил му одговара: „Благодарам, не. Џепарлакот го трошам во слаткарница“ (Неделковски, 2019: 30). Адолесценцијата е очигледно чувствителен временски период во почетокот на пушењето цигари. Врсниците и односите со врсниците често се наведуваат како главни фактори вклучени во оваа употреба на цигари (Kobus, 2003: 37-55). Последиците од лошата одлука на Златко се покажуваат кога почнуваат тренинзите, а Златко нема кондиција: „Пред десетина секунди му се слоши! Побледи, па позелени. Како да се прејал со зелени сливи. Ене го кај грмушките, на влезот од паркчето...Златко стоеше поднаведнат испуштајќи шиштави звуци... Како да имаш двојни бели дробови! Го искара Емил Јаневски. „Намали ги цигарите, итно. Не, подобро остави ги. Фрли ги!“ (Неделковски, 2019: 40).

Адолесцентите кои никогаш не пушеле, веројатно никогаш и не размислувале за пушење и немаат желба да почнат да пушат во блиска иднина. Овие адолесценти никогаш не пушеле и или не се свесни за позитивните причини да почнат да пушат или ги игнорираат или се спротивставуваат на притисокот да пушат (Mayhew, Flay, Mott, 2000), и таков типичен пример во разгледуваниот роман е Емил. Но, авторите Левентал и Клири поставуваат три психолошки причини за да се стане пушач: 1. Настојувањето да се стане/биде модерен, независен; 2. да се намали социјалната анксиозност со тоа што ќе се чувствуваме социјално поприфатени; и 3. да се регулираат емоциите (Leventhal, Cleary, 1980: 370-405). Дополнително,

во семејствата каде домашната средина е стабилна и каде што е силен акцентот на образованието, истражувањата покажале дека тинејџерите имаат помалку пријатели кои пушат и помалку имаат намера да пушат самите (Naughton, Krohn, 1988: 169-182). Во случајот со Златко, сосема јасна е мотивацијата за неговата наклоност кон пушењето – желбата да ги сокрие емоциите, да ја намали социјалната анксиозност и болката заради преранaта загуба на мајката: „Откако неговата мајка во силни болки го напушти овој свет, Златко е поранлив, но и поцврст. Го чудеше како тие две, инаку спротивни особини, го обземаат неговиот младешки карактер... Повеќе од две години Златко е сираче и со збунето срце се прашува себеси: „Каква е таа логика помладите да умираат пред постарите?! Ели, најскапоценото суштество во неговиот живот, жената која го донесе на овој свет и која го чуваше со огромна љубов, умре по тримесечна агонија в постела –подјадена од карцином и од неговите чудовишни метастази. Како дванаесетгодишник, стуткан во аголот на собата, Златко постојано ги слушаше тие два збора со важност на смртна пресуда: Ѐнема леќ!" (Неделковски, 2019: 24-25). Од тие причини, Златко ќе се обидува да го одржува што е можно споменот на неговата мајка во домот, па со таа цел и станот ќе го исполни со нејзини фотографии. Стравот од заборавање на починатиот близок, особено на родител, не е невообичаена загриженост поради тагата со која мора да се справи. Промовирањето на идејата за продолжување на врските со починатиот им помага на адолесцентите да ги сочуваат позитивните спомени, кои се важен аспект од нивното закрепнување (Christ, Siegel, Christ, 2002).

Возраста на која се доживуваат проблемите во детството, а во овој случај родителското отсуство, исто така веројатно е важна за појава на одредено ризичното однесување. На пример, теоријата на приврзаност сугерира дека нарушувањето на односот родител-дете во многу раното детство може да има трајни влијанија врз емоционалниот, бихејвиоралниот и психолошкиот развој на детето. Затоа, можно е отсуството на родителите што се јавува порано во животот да биде посилно поврзано со пушењето и започнувањето со алкохол пред адолесценцијата (Lacey, Zilanawala, Webb, Abell, Bell, 2018). Смртта на родител е меѓу најлошите работи што може да му се случат на адолесцентот. Загубата на некој близок може да влијае на поединецот емоционално, физички, социјално, когнитивно и духовно. Претходно, адолесцентите и младите возрасни пријавија лоша психосоцијална благосостојба, анксиозност и депресија по смртта на родител од рак. Исто така, губењето на саканата личност во адолесценцијата може да резултира со негативни животни настани што го отежнуваат справувањето со загубите подоцна во животот (Angelhoff, Sveen, Alvariza, Weber-Falk, Kreicbergs, 2021). Затоа, кога еден ден Златан Самоилов го видел сопствениот син како пуши цигара, почнал да се прашува и преиспитува каде погрешил во воспитувањето. Тој верувал дека има солидна комуникација со синот како единствен родител, но сфаќал дека нивната комуникација цело време била сведена само на обезбедување на оснвна егзистенција на синот, без разговор за потиснатото чувство на тага и жал. Таквото сознание му ја влошило здравствената состојба, по што претрпел срцев удар и завршил во болница: „Ете зошто секое утро ти се потребни по сто денари. Младиот господин се регрутирал кај пушачите!...Ме изненади и ме растажи, синко... Златан Самоилов наеднаш почувствува дека згрутчената возбуда го задушува, а во пределот на градната коска како да му длаби зашилено копје. Почувствува слабост низ целото тело, пред очите му се мрешкаше мрежа од црни сенки. Се затетерави и се струполи врз каминот" (Неделковски, 2019: 62).

Но, и таа случка има свој среќен крај, зашто му послужила на авторот да ја отслика преобразбата на момчето кое плашејќи се дека по загубата на мајката, ќе го изгуби и таткото кој интимно се зближува со колешката Розетка, пружа отпор кон сè што доаѓа од таткото. Како резултат на новопостигнатата зрелост, го овозможува повторното зближување на татко му и Розетка, колку и да му е тешко тоа: „Никој и ништо не ви стои на патот. Секое вистинско семејство е составено од најмалку тројца члена. ...Се сврти и на напушти кафеаната. Образот му беше влажен од солза. Не знаеше како да ја нарече: тажалка поради тивкиот заборав што ѝ се заканува на мама Ели, или можеби радосница –во прилог на чудесната реченица „Животот продолжува" (Неделковски, 2019: 179).

Многу студии ја покажуваат важноста на односите меѓу браќата и сестрите за време на адолесценцијата. Дополнително, неколку лонгитудинални студии обезбедија убедливи докази за промените што се случуваат во односите меѓу браќата и сестрите во текот на адолесценцијата, како и силното влијание што браќата и сестрите го имаат врз здравјето и благосостојбата на младите (East, 2009: 43-73). Во романот е насликана и релацијата браќа-сестри преку примерот со Емил и Маја, постара сестра, исто така адолесцент, и нивните постојани препирки и ситни закачки: „А да те повлечам малку за косичката? - посегна Емил Јаневски. – А да те изгребам малку со маникираните нокти?! му се вдаде Маја Јаневска. – Од вашата неслога ќе добијам инфаркт! – рече мајката и се повлече во спалната" (Неделковски, 2019: 105); како и непостојани и променливи чувства на Маја кон момчињата што се гледа од дијалогот кој го има со братот Емил:

- „Добро, Александар ме напушти! Но тој е минато. Сега сум свртена кон иднината...кон Оливер од соседниот клас!

-Искрено, тој Александар беше клапчо...-почна Емил.

- Рано е да го навредуваш! Можеби ќе се смириме.

- Всушност, односниот Александар е невиден шармер, кој...
-Не ретуширај го, никогаш нема да му простам!“ (Неделковски, 2019: 106)

Адолесценцијата е клучна фаза во која младите се во потрага по идентитет, независност и одговорност, тие сакаат нови искуства и почнуваат да откриваат што е добро, а што лошо. Тоа е тешка и сложена фаза за децата и родителите. Дополнително, тоа е во текот на оваа фаза кога младите се чувствуваат најемотивно погодени од хормоналните промени што ги доживуваат. Поради индивидуални, семејни проблеми, тие стануваат депресивни и вознемирени. Кога претрпуваат разочарувања, од најразличен вид, тие обично се многу погодени (Бери, 2021). За време на адолесценцијата, се случуваат широк спектар на емоционални и когнитивни промени, кои овозможуваат подобра организација на мислата и зголемена свест за емоциите, што овозможува адолесцентите да размислуваат за емоциите, нивното изразување и да развијат стратегии за управување со нив (Hunter, Katz, Shortt, Davis, Leve, Allen, Sheeber, 2011Ч 428-441). И самиот адолесцент, и Емил забележува промени кај себе кои го збунуваат: „Беше збунет во овој предолг ден. Прво тоа непријателско дофрлување на Здравко, сега одбивниот лик на неговата родена сестра. Помисли: Дали луѓето стануваат сè почудни или, пак, јас сум почувствителен?“ (Неделковски, 2019: 116). Момент на кој се осврнал авторот Неделковски и кој секогаш треба да се осврнуваме е позитивното, педагошко-дидактичко, морално-етичко влијание на постарите (родителите и наставниците) врз младите. Во тој контекст, интересен е односот на возрасните од училиштето кон учениците. Имено, почнувајќи од директорот, училишниот педагог и останатите, сите имаат потполно разбирање за урбулентниот период низ кој минуваат овие млади луѓе, па се обидуваат да им помогнат во ситуациите кои се покажуваат како ризични и полни со искушенија. Таков е случајот со директорот кој често им „држи говори“, особено кога треба да се определат за понатамошното образование или, пак, кога им укажува на опасностите од преголемото користење на комјутерите: „Компјутер, тој чудесен изум! Сепак, не претерувајте со деноноќно седење пред неговиот магичен екран, со ѓаволестото "глувче" под прстите од десната рака. Компјутерот треба да ви биде и да остане орудие за битка со знаењата! Но, не и ваша опсесија, внимавајте! Особено апелирам да имате критички однос кон разните видеоигри, од кои зрачи неприфатлив порив за насилство и убивање! Виртуелно, а сепак убивање!“ (Неделковски, 2019: 67). Педагошко влијание има и однесувањето и ставот на таткото на Љупчо, кога синот без поседување дозвола, со цел да ја импресионира девојката, се возат на мотор. Кога ќе бидат сопрени од полиција, Љупчо се однесува надмено, затоа што татко му бил началник во полицијата, но пресвртот настанува кога таткото бара да не биде поштеден и да му се напише кривична пријава: „Ова е единствениот начин да те заштитам. Во иднина: умот в глава. Сега двојно ќе внимавам на тебе...Разбери синко, единката мора да ги почитува законите на мнозинството. Оној што грубо се издвојува, ќе го регрутираат криминалците. Денес или утре“ (Неделковски, 2019: 185). Наставникот Виктор Таневски со зборовите упатени кон Санде Ивков, кој во романот се пројавува со чувство на завист кон Емил и целата фудбалска екипа, па во неколку наврати се обидува да им напакости: „Синко,во животот има два главни патокази. Добро прочитај што пишува на нив пред да им ги следиш стрелките! Ако појдеш по едниот пат-си станал добар човек. Но, ако заодиш по другиот, на кој демнат безброј пороци-ќе им се придружиш на лошите луѓе“ (Неделковски, 2019: 187).

Од друга страна, авторот Неделковски, упатил и остра критика на возрасните, особено оние презафатени родители кои се преокупирани со себе и својата работа или проблеми и немаат време за своите деца – адолесценти. Тоа се гледа од изјавите на Емил Јаневски за неговите родители: „Нашата мамичка е дома? – се изненади Емил. Значи, не е на прекувремена работа. Не е на семинар во Охрид. Не е во посета на своите родители во старскиот дом... Ѕвонеше телефонот. Се јави татко им, веројатно од кафеана. Маја ја сослуша неговата кратка порака: „Златца мои, тато е зафатен до гуша!“ (Неделковски, 2019: 106-107). Утврдено е дека односот на адолесцентите со нивните родители е важна димензија на нивниот развој. Во многу студии, односот родител-адолесцент опфаќа голем број конструкции и варијабли, вклучувајќи поддршка од родителите, блискост и топлина родител-адолесцент, приврзаност кон родителите, комуникација родител-адолесцент и одвојување од родителите (Young, Marshall, Domene, Arato-Bolivar, Hayoun, Marshall, Valach, 2006: 1-23).

**Заклучок**

Во романот неизоставно се насликани и неколку љубовни релации, како меѓу адолесцентите, така и меѓу возрасните. Кај возрасните е развојот на врската меѓу Златан Самоилов и колешката Розетка, на која ѝ се спротивставува Златко и за малку што не згаснува, а кај младите е љубовната пројава меѓу Елиза и Љупчо, која не го издржува тестот на авантурата со возење на моторот без дозвола, заради што Елиза ја прекинува врската со зборовите: „Жалам, не излегувам со авантуристи!“ (Неделковски, 2019: 186). Треба да се спомне и врската на Диме и Синоличка, која се зародува за време на нивниот заеднички престој во болницата, како и врската на Емил и Блашка која ги издржува искушенијата.

И покрај тоа што „Шармерите“ не победуваат на турнирот, авторот преку ова дело сакал да им порача на сите одделенци, бунтовници, тинејџери да завладее мир, спокој и толеранција. Ривалството

понекогаш знае и да донесе позитивни примери и резултати преку пример оформување на фудбалскиот тим “Шармери”, заедничката соработка, здружување на двете одделенија осмо-А и осмо-Б, предизвиците со кои се соочени, но и вистината дека не секој неуспех е вистински пораз, туку уште еден начин или скалило како да се стигне до успехот.

Пораката која ја пренесува овој роман од авторот Велко Неделковски е дека проблемот на заедницата е над индивидуалноста, заедничкиот успех наспроти личниот, себичноста наспроти желбата за сите да биде добро и да се помогне еден на друг, со заедничка работа до повисоки цели. Авторот укажува дека со созревањето на учениците, преоѓањето од основно во средно училиште се прави чекор напред, чекор сигурен, но и доста опасен, чекор кој може да дојде во контакт со лоши работи, дрога, алкохолизам, лажење, крадење итн, но исто така носи и созревање на емоционално, како и на физичко ниво, чекор кој подразбира запознавање на многу нови пријатели, нови контакти и нови светови. Сѐ зависи од личноста кој чекор ќе го избере и по кој пат ќе оди.

**Користена литература**


1. Angelhoff, C., Sveen, J., Alvariza, A., Weber-Falk, M., & Kreicbergs, U. (2021). Communication, self-esteem and prolonged grief in parent-adolescent dyads, 1–4 years following the death of a parent to cancer. *European Journal of Oncology Nursing*, *50*, 101883.Communication, self-esteem and prolonged grief in parent-adolescent dyads, 1–4 years following the death of a parent to cancer, **https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1462388920301630**, 11.11.2023
2. Cheon, Sung Hyeon. (2018). A Needs-Supportive Intervention to Help PE Teachers Enhance Students' Prosocial Behavior and Diminish Antisocial Behavior, *Psychology of Sport and Exercise*, *35*, 74-88. https://espace.curtin.edu.au/bitstream/handle/20.500.11937/61722/260636.pdf, 10.11.2023
3. Christ, Grace H., Siegel, Karolynn., Christ, Adolph E. (2002). Adolescent Grief “It Never Really Hit Me . . . Until It Actually Happened”, JAMA, September 11, Vol 288, No. 10, American Medical Association, https://www.researchgate.net/profile/Grace-Christ/publication/11174341, 11.11.2023
4. East, Patricia L.(2009). Adolescents ' Relationships with Siblings, *Handbook of adolescent psychology*, *2*, 43-73. https://www.researchgate.net/profile/Patricia-East-2/publication/229688089, 11.11.2023
5. Hunter, E. C., Katz, L. F., Shortt, J. W., Davis, B., Leve, C., Allen, N. B., & Sheeber, L. B. (2011). How do I feel about feelings? Emotion socialization in families of depressed and healthy adolescents. *Journal of youth and adolescence*, *40*, 428-441. **https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2992097/**, 11.11.2023
6. Kobus, Kimberly. (2003). Peers and adolescent smoking, *Addiction*, *98*, 37-55, Society for the Study of Addiction to Alcohol and Other Drugs, https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/77612333/j.1360-0443.98.s1.4.x20211229-28594-b3bxav-libre.pdf, www.academia.com, 10.11.2023
7. Lacey, Rebecca E., Zilanawala, Afshin., Webb, Elizabeth., Abell, Jessica., Bell, Steven. (2018). Parental absence in early childhood and onset of smoking and alcohol consumption before adolescence, Archives of disease in childhood, *103*(7), 691-694, https://adc.bmj.com/content/archdischild/103/7/691.full.pdf, 10.11.2023
8. Larson, R. W., & Richards, M. H. (1989). Introduction: The changing life space of early adolescence. *Journal of Youth and Adolescence*, *18*, 501-510. https://link.springer.com/article/10.1007/BF02139070
9. Leventhal, H., Cleary, P.D., (1980). The smoking problem: a review of the research and theory in behavioral risk modification. Psychol.Bull. 88, 370–405, https://d1wqtxts1xzle7.cloudfront.net/51481741, 10.11.2023
10. Mathur, Ravisha, Berndt, Thomas J. (2006). Relations of Friends' Activities to Friendship Quality, *The Journal of Early Adolescence*, *26*(3), 365-388, https://citeseerx.ist.psu.edu, 10.11.2023
11. Mayhew, Kathryn P., Flay, Brian R., Mott, Joshua A. (2000). Stages in the development of adolescent smoking, Drug and Alcohol Dependence 59 Suppl. 1, https://www.researchgate.net/profile/Brian-Flay/publication/12544089, 10.11.2023
12. Naughton, M. J. & Krohn, M. D. (1988). Assessments of home environment and early adolescents' intentions to smoke cigarettes, Journal of Early Adolescence, 8, 169–182., The Journal of Early Adolescence, https://journals.sagepub.com/doi/abs/10.1177/0272431688082005 , 10.11.2023
13. Schapiro, M., Schneider, B. H., Shore, B. M., Margison, J. A., & Udvari, S. J. (2009). Competitive goal orientations, quality, and stability in gifted and other adolescents' friendships: A test of Sullivan's Theory about the harm caused by rivalry. *Gifted Child Quarterly*, *53*(2), 71-88. https://www.researchgate.net/profile/Bruce-Shore/publication/240729751, 10.11.2023
14. Sullivan, H. S. (1953). The interpersonal theory of psychiatry. New York: Norton

15. Wentzel, Kathryn R., Barry, Carolyn McNamara., Caldwell, Kathryn A.  (2004). Friendships in Middle School: Influences on Motivation and School Adjustment, Journal of Educational Psychology, Vol. 96, No. 2, 195–203, https://www.researchgate.net/profile/Carolyn-Barry/publication/232493135, 10.11.2023
16. Young, R. A., Marshall, S., Domene, J. F., Arato-Bolivar, J., Hayoun, R., Marshall, E., ... & Valach, L. (2006). Relationships, communication, and career in the parent–adolescent projects of families with and without challenges. *Journal of Vocational Behavior*, *68*(1), 1-23, https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0001879105000667, 11.11.2023
17. Бери, Петар. (2021). Адолесцентите соочени со предизвици и проблеми во природната и социјалната средина. Warbleton council, https://mk.warbletoncouncil.org/adolescentes-retos-problemas-entorno-natural-social-1846
18. Неделковски, Велко. (2019). Шармери од осмо, Арс Ламина-публикации, Либи.